АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 06.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4275/1 | | |


# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ

# ВО ПЕРИОДОТ ОД РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ДО ПОЧЕТОКОТ НА КАМПАЊАТА ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

## ОД 10 АВГУСТ ДО 28 СЕПТЕМВРИ

## *Методолошки напомени*

Во согласност со членот 76-в од Изборниот законик (ИЗ), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) од 10 август 2025 година го почна мониторингот на „медиумското претставување“ за претстојните Локални избори. За анализа беа земени целодневните програмски сервиси на девет национални телевизии: Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на ЈРС Македонска радио-телевизија, односно МРТ1 и МРТ2, и комерцијалните програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М и ТВ 24 Вести[1]. Акцентот беше ставен врз централното издание на дневноинформативната програма како целина, како и врз посебните информативни емисии (интервјуа, дебати, соочувања) и врз другите информативни програми во кои темата и учесниците беа поврзани со подготовките за изборите. Средишна тема за опфатот на мониторингот осмислен според: „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси“ (од 15 јуни 2020 г.) беа информативниот и аналитичкиот новинарски интерес за предизборните активности на партиите, коалициите и на независните кандидат(к)и за градоначалници и за општински советници. Во вестите се анализираа сите прилози освен прилозите од спортот, од светот, генералната најава и временската прогноза.

Извештајот за начинот на кој деветте национални телевизии известуваа за предизборието од Локалните избори 2025 година (ЛИ25), го опфаќа периодот од 10 август до 28 септември. Покрај кон општите новинарски принципи за објективно известување утврдени во 47-а и член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), што овозможува плурален медиумски приказ политички опции, посебно методолошко внимание во предизборието беше насочено кон следниве прашања:

- Дали известувањето за активностите на државните органи, органите на општините и на Градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања - е во функција на нечие изборно медиумско претставување (член 75-б и член 76-а став 12 од ИЗ)?
- Дали се почитува забраната програмите наменети за малолетната публика да не се користат за изборно медиумско претставување (член 75 став 6 од ИЗ);
- Дали уредници, новинари, водители и презентери на радио и на телевизиски програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на политички партии, коалиции или кандидати (член 75-в од ИЗ)?
- Дали се почитува забраната за емитување платено политичко рекламирање (член 75-д став 1 од ИЗ)?
- Дали огласите за собирање потписи за поддршка на кандидатури на независни кандидат(к)и се емитуваат согласно утврдените правила (член 75-д ставови 2 и 3 од ИЗ)?
- Дали се почитува забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства (член 75-д став 4 од ИЗ)?
- Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење (член 77 став 2 од ИЗ)?
- Дали на Јавниот радиодифузен сервис се емитуваат дебати (член 76-а став 11 од ИЗ)?
- Дали се почитуваат посебните забрани за дискриминација и за говор на омраза пропишани во член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги?

[1] Примерокот беше утврден според критериумот за дневен досег повисок од 2,5 % - потврден според истражувањето направено за потребите на АВМУ (Маркет вижн, април-јуни 2023 година). Овие медиуми беа предмет на мониторинг и за време на предизборието за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, со што се обезбедуваат податоци кои овозможуваат споредливост на известувањето на медиумите во предизборните периоди на различни изборни циклуси.

***Клучни наоди***

Во целиот период на предизборието, од 10 август заклучно со 28 септември 2025 година, во вестите на анализираните телевизии на државно ниво имаше малку информативни прилози (вести/вести во низа/извештаи) посветени на претстојните Локални избори. Во новинарската евиденција, отпрвин посебно внимание привлече предизборната неизвесност на статусот и на изборните можности за независните кандидат(к)и. Последователно на оваа тема, со вести во низа, со изјави и со куси разговори беа проследени ставовите на некои од независните кандидат(к)и за органите на локалната власт од Скопје, но и континуитетот на нивните организациски зафати за колективен настап преку заедничка политичка платформа. Споредно, пак, „предизборието“ како содржина се сведе на јавен отчет и на очекувани меѓупартиски обвинувања и оправдувања - било за пропуштени политички шанси од минат мандат било за тековна неажурност во спроведувањето на обврските од надлежностите во различен ранг на (извршната) власт – од министерствата, преку државната администрација, сè до органите на локалната самоуправа. Дел од прилозите во предизборниот период произлегоа од активностите на ДИК околу Избирачкиот список, комплетирањето на листите со кандидати за градоначалници и за советници, а дел беше поврзан со партиските шпекулации за можни коалицирања и со очекувањата на експертите-комуниколози за (не)културата на политичката комуникација во изборната кампања.

Честотата на пожарите, обемот на опожарените подрачја, но и економските и здравствено-еколошките последици од нив, одредени функционери на извршната власт ги опишаа како вид – „екотероризам“, па дури им придадоа и димензии на - „специјална војна“ и „хибриден/мултистраничен напад“. Оттаму, пожарите ги разгореа и предизборните партиски контра/реакции, па последователно - дневниот новинарски информативен ангажман се прошири на општ приказ на дисфункционалноста – неекипираноста и неажурноста на постојните институции на локалната и на државната власт.

Сите информативни редакции, секоја со одлики на свој новинарски/уредувачки приод, доминантно покажуваа интерес и околу неколку други актуелни теми, како евроинтеграциите, активностите на Владата, и последиците од пожарот во дискотеката Пулс во Кочани. Речиси сите телевизии одвоија значајно време од вестите за активностите на Владата, особено ТВ Алфа и ТВ Сител кои одвоија по околу 7 часа. Кај ТВ Сител околу 3 часа и 36 минути од ова време се должеше на интервјуа реализирани во вестите.

Медиумите генерално се придржуваа кон начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, при што на публиката би ѝ се овозможило слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ. Исклучок беа две телевизии. ТВ Алфа не го почитуваше ова начело од квантитативен (одвоеното време) и од квалитативен аспект (преку позитивно врамување и тон во вестите и интервјуата за ВМРО ДПМНЕ и Владата и негативен тон и врамување во вестите за СДСМ), додека ТВ Алсат-М ова начело не го почитуваше доследно поради негативниот тон и врамување за ДУИ во прилозите од вестите.

Јавниот радиодифузен сервис преку редовните информации (вести/извештаи/соопштенија) од Државната изборна комисија (ДИК) за календарот со обврски околу организација на изборите и за новитетите во врска со независните кандидат(к)и, ги исполни обврските да информира за изборниот процес. Телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис емитуваа и дебатни емисии, меѓутоа не за соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата како што пропишува член 76-а став 11 од Изборниот законик, туку со политички аналитичари, кои ги анализираа направените анкети во врска со Локалните избори меѓу населението во неколку градови во Македонија на МРТ1, односно предизборната реторика на Вреди и ДУИ на МРТ2.

Неколку комерцијални телевизии, исто така, вложија напори Локалните избори 2025 година да ги анализираат и преку посебни информативни емисии (интервјуа, дебати и други информативни програми). Интервјуа емитуваа ТВ Алфа, Канал 5, ТВ 21-М, ТВ Сител и ТВ 24 Вести. Дебати организираа ТВ 24 Вести, ТВ Телма и ТВ 21-М. Речиси сите дебатни емисии беа со политички аналитичари и експерти. Само во две дебатни емисии од вкупно четири на ТВ 24 Вести учествуваа претставници на политички партии.

Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања не беше констатирано прекршување на одредбите од Изборниот законик, што исто така, беа во фокусот на мониторингот на Агенцијата.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

**<u>Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)</u>**

### 1. Дневно-информативни емисии:

***<u>Примерок за анализата</u>***:

Дневник 2 од 19:30 часот.

***<u>Број на анализирани изданија и вкупно времетраење</u>***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 19 часа 3 минути и 57 секунди.

***<u>Главни теми и начин на известување</u>***:

Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, преку вести и извештаи, известуваше за редовните активности на власта; разни економски теми (намалени цени за училиштен прибор, цени на артиклите, растот на платите, наводи за проневери во Еразмус +), за евроинтеграциските процеси, за подготовките на ДИК околу претстојните Локални избори; за поднесувањето кандидатури; собирањето на потписи на независните кандидат(к)и; за постојаните меѓупартиски спорења и обвинувања од страна на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ; за ветувањата од кандидатите за нов изглед на Скопје и неговите општини; меѓусебни обвинувања на власта, опозицијата и градоначалничката на Скопје Данела Арсовска во врска со хаосот со ѓубрето во главниот град; постојаните пожари на дивите депонии и пожарот во Трубарево, кој предизвика сериозни обвинувања помеѓу власта и опозицијата за еколошка катастрофа и сериозна закана за здравјето на жителите во Трубарево; анализите на водата и почвата по настанатиот пожар како и скринингот на населението; извршениот фемицид во Велес; итн.

Специфичност во распределбата на времето меѓу субјектите се забележува кај активностите на Владата, за кои беа издвоени безмалку 4 часа, односно речиси една петтина од вкупното време. Дури 1 час и 45 минути беа одвоени за активностите на органите на државната управа/јавните установи, што се должеше на секојдневните активности на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување во врска со пожарите во Македонија. За активностите на СДСМ беа одвоени 1 час 16 минути и 58 секунди, а за активностите на ВМРО ДПМНЕ – 37 минути и 58 секунди. Имаше многу анкети со граѓани на разни теми од што произлегуваат прилози со траење од 1 час и 55 минути.

Повеќе од 3 часа во централното издание на Вестите на МРТ1 им беше отстапено на „други субјекти“, во кои влегуваат изјавите на повеќе професори на разни факултети, адвокати во судски процеси, претставници на повеќе стопански комори, директорката на Хидробиолошкиот Завод од Охрид, поранешни претставници на власта против кои се водат судски процеси, Гувернерот на Народната банка, директорката на Фестивалот „Охридско лето“ и на други институции од културата, претставниците на повеќе агенции и регулаторни тела.

Медиумот известуваше со неутрален тон и врамување. Беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, при што на публиката ѝ се овозможуваше слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања, согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

На 13 септември во вестите имаше интервју во врска со Локалните избори со Матео Мекачи, шеф на набљудувачката мисија на ОДИХР, а тема беше набљудувањето на Локалните избори од страна на мисијата на ОДИХР. Освен ова, во Вестите имаше интервјуа и на други теми, со претставници на власта и на странски организации.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во вестите на МРТ1***

| МРТ1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјекти** | **Траење** | **Проценти** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:37:58 | 3,32 | % |
| СДСМ | 01:16:58 | 6,73 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:11:25 | 1,00 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:41 | 0,06 | % |
| ДИК | 00:26:52 | 2,35 | % |
| Влада | 03:59:07 | 20,90 | % |
| Собрание | 00:13:05 | 1,14 | % |
| Претседател | 00:26:06 | 2,28 | % |
| Други субјекти | 03:03:32 | 16,04 | % |
| Без субјекти | 00:09:36 | 0,84 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:45:04 | 9,18 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:28 | 0,04 | % |
| Јавно обвинителство | 00:43:21 | 3,79 | % |
| Судство | 00:26:09 | 2,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:17 | 2,30 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:59 | 1,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:53:52 | 4,71 | % |
| Левица | 00:06:35 | 0,58 | % |
| АРМ | 00:01:18 | 0,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:16:09 | 1,41 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:02:28 | 0,22 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:53 | 0,08 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:32 | 0,05 | % |
| Независни кандидати | 00:12:45 | 1,11 | % |
| Граѓани | 01:55:30 | 10,10 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:17:08 | 1,50 | % |
| Здравство | 00:45:04 | 3,94 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:01:02 | 0,09 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:07:18 | 0,64 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:04:56 | 0,43 | % |
| Коалиција Европски фронт/НАИ | 00:01:20 | 0,12 | % |
| Локална самоуправа (БЕСА) | 00:02:49 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа (Максим Димитриевски) | 00:03:24 | 0,30 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:07:16 | 0,64 | % |
| | **Вкупно = 19:03:57** | **100** | **%** |

На знаковен јазик, за целиот период, од понеделник до недела, беше прилагодено изданието на Дневник 1, емитувано во 17 часот.

2. **Посебни информативни емисии:**

***Интервјуа на изборни теми***

(премиерно емитувани)

На 26.09.2025 беше емитувано интервју со претседателката на државата Гордана Силјановска - Давкова по сесијата на Генералното Собрание на ОН во Њујорк, во кое таа зборуваше за македонските евроинтеграции, за Резолуцијата на СДСМ и за претстојните Локални избори, за кои рече дека очекува да бидат жестоки.

***Дебати на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Беа емитувани вкупно 4 дебати на изборни теми во кои политички аналитичари ги анализираа и коментираа резултатите од анкетите спроведени со граѓани од разни градови во врска со Локалните избори.

***Табела 2: Дебатни емисии на МРТ1***

| **МРТ1** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **15.09.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар. | - Општо за Локалните избори 2025.<br>- Презентација на резултати од истражување/анкета во врска со Локалните избори, направена во септември на 1126 испитаници и анализа на анкетата од страна на гостите. | **Објектив** |
| **18.09.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Бранко Геровски, новинар;<br>4. Марко Трошановски, претседател на Институт за демократија Социетас Цивилис. | - Рејтингот на партиите пред Локалните избори.<br>- Анкета со граѓаните на Скопје. Прашања: Во каква насока се движи градот Скопје? Дали сметате дека во наредните години животот ќе биде подобар или полош? Кои се најголемите проблеми кои треба да се решат? За кој кандидат за градоначалник ќе гласаат скопјани?<br>- Истражувањата на јавното мислење за Општината Кисела Вода. | **Објектив** |
| **22.09.** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар;<br>3. Александар Кржаловски, политички аналитичар;<br>4. Ирина Мангова, директорка на програмата на Меѓународниот републикански институт за Македонија (ИРИ). | Анкета: Во каква насока се движи Општина Штип? Дали, споредено со изминативе неколку години, животот во Штип сега е подобар или полош? Дали сметате дека во наредните неколку години животот во Штип, ќе биде подобар или полош? За кој кандидат за градоначалник на Штип ќе гласате на Локалните избори? За која партија/советничка листа би гласале на изборите во Штип. Дали ќе излезете на гласање на претстојните Локални избори? | **Објектив** |
| **25.09** | 1. проф. д-р Владимир Божиновски, политички аналитичар;<br>2. Петар Арсовски, политички аналитичар; | Анкета: Во каква насока се движи Општина Куманово? Дали споредено со изминативе неколку години, животот во Куманово сега е подобар или полош? Дали сметате дека во наредните години ќе биде подобар или полош? Кои два проблема мора итно да се | **Објектив** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3. Иво Ранѓеловиќ, политиколог. | решат во Општина Куманово? Дали ќе излезете на гласање на Локалните избори? За кој кандидат за градоначалник на Куманово ќе гласате? За која партија/советничка листа би гласале на изборите во Општина Куманово? Која партија сметате дека ќе победи на Локалните избори? Која политичка опција сметате дека најдобро би се справила со проблемите во вашата Општина? | |

Изданијата на емисијата „Објектив“, емитувани на 15, 18, 22 и на 25 септември беа прилагодени за лицата со сетилна попреченост.

***<u>Други информативни емисии</u>***

Локалните избори како тема беа третирани во следните информативни емисии:

Во емисијата „360 степени“ на 18.09.2025 година, кандидатот на ДУИ за Локалните избори во Општина Чаир, Бујар Османи се појави со презентација на проектот “Визија Чаир 2040”, со главен фокус на хигиената, сообраќајот и инфраструктурата, додека во трката за четвртиот мандат во Општина Чаир, Изет Меџити од КОАЛИЦИЈАТА ВРЕДИ посочи дека во неговиот тим ќе има експерти од Турција, предводени од архитектот Бајрон Вардар, за решавање на стратешки проблеми во општината.

Во емисијата „Агенда 35“ на 19.09.2025 година, Азир Алиу, министер за здравство, на крајот на емисијата зборуваше и за претстојните Локални избори, потенцирајќи ги разликите помеѓу ДУИ и Коалицијата ВРЕДИ.

Во емисијата „360 степени“ на 22.09.2025 година, имаше интервју со претседателот на ДИК Борис Кондарко со кого беше разговарано за подготовките за Локалните избори 2025, одлуката на Уставниот суд да не поведе постапка за Правилникот и Упатството за собирање потписи, недореченостите во Изборниот законик, како и за правилата на игра за време на изборната кампања.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

### 1. Дневно-информативни емисии:

***Примерок за анализата***:

Дневник од 18:30 часот[2].

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 14 часа 16 минути и 31 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Во предизборниот период, информативната редакција на МРТ2 на тема Локални избори 2025 посвети мал број новинарски прилози, од кои би ги издвоиле: подготвителните активности на ДИК (јавен увид во податоците од Избирачкиот список, потврдувањето на листите за кандидати за градоначалници и советници, утврдување на редоследот на листите на кандидатите, апел за спроведување фер и демократски избори). Меѓу политичките субјекти со активен интерес за изборниот натпревар, најмногу внимание во вестите добија владејачката Коалиција ВРЕДИ (околу 43 минути) и опозициската ДУИ (околу 21 минута). Ова се должи на прилозите кои ја следеа партиската полемика околу регистрацијата и бројот на општинските советници, обвинувања за етничка поларизација, меѓусебни критики за развојот на општинските советници, како и за новото политичко обединување во пресрет на Локалните избори помеѓу Коалицијата ВРЕДИ и Движењето Арберија. Редакцијата исто така информираше и за меѓусебните обвинувања помеѓу владејачката ВМРО ДПМНЕ (речиси 36 минути) и опозициската СДСМ (53 ипол минути), што примарно се должи на прилозите низ кои се проследуваше партиската полемика за актуелни општествени-политички случувања.

Во извештајниот период, медиумот во вестите повеќе се осврна на актуелните социо-политички теми од државава. Преку вести и извештаи, од темите од поширок интерес на граѓаните, МРТ2 известуваше за: активностите на Собранието (Комисијата за надзор над работата на АНБ и на Агенцијата за разузнавање, расправата за Предлог на Законот за средно полициско училиште, одбележувањето на Меѓународниот ден на демократија); судство (судењето за нападот врз градоначалничката на Скопје Данела Арсовска, „Онкологија 2“, обвинението против суспендираниот шеф на Вишото јавно обвинителство Скопје, конституирање на Советот за следење на реформите во правосудството, посета на Венецијанската комисија на Врховниот суд); активностите на одговорните институции ЦУК и ДЗС околу гаснењето на пожарите во депониите „Дрисла“ и „Вардариште“, како и во Трубарево, Јасен, Кожуф, придружени со разговори со сведоци и информации за посетите на опожарените места од претставници на Владата. На последново, во значаен дел се должи и големото време издвоено за работата на органите на државната управа и јавните институции ( околу 1 час и 57 минути).

Од работата на Владата (прилози со траење околу 2 часа и 42 минути), во домашната и надворешната политика, прилозите беа посветени на: доделувањето на државната награда „Мајка Тереза“, одбележувањето на 24 години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, одбележувањето на Денот на независноста, 80-та сесија на Генералното собрание на Обединетите Нации во Њујорк, потпишувањето Меморандум за соработка помеѓу Министерството за јавна администрација и Амбасадата на Франција во земјава, потпишувањето на третиот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна соработка во кривична материја, посетата на Стопанската комора на Дубаи во Владата.

---

[2] Поради директен пренос од фудбалски натпревари, почетокот на 11 изданија на Дневникот беше поместен по 18 часот и 50 мин.

Актуелните теми опфатени во категоријата „други субјекти“ се однесуваат на средбата на претставниците на Стопанска комора на Северозападна Македонија со министерот за земјоделство, Фудбалската федерација на Македонија (за неспортското однесување на натпревари), актуелните судски случаи (адвокати, јавни обвинители, обвинети, сведоци, поранешениот директор на АНБ за случајот “Обвинување за прислушкување“, членовите на семејствата во случајот „Онкологија“), претставниците на Универзитетите во Македонија, Лекарската комора на РСМ, Советот за етика, Народната Банка, МАНАВ, ЦУК, ДЗС, АМСМ, уредничката на порталот „Портаалб“ (за дезинформации во предизборниот период), социолози (за прилагодувањето на првачињата во училиште) итн. При известувањето се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, при што на публиката ѝ се овозможуваше слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања, согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 3: Застапеност на субјектите во вестите на МРТ2</u>***

| МРТ2 – на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:35:49 | 4.18 | % |
| СДСМ | 00:53:31 | 6.25 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:51:04 | 5.96 | % |
| ДИК | 00:47:33 | 5.55 | % |
| Влада | 02:42:25 | 18.96 | % |
| Собрание | 00:18:22 | 2.14 | % |
| Претседател | 00:11:42 | 1.37 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:39 | 0.08 | % |
| Други субјекти | 01:25:50 | 10.02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:57:32 | 13.72 | % |
| Јавно обвинителство | 00:21:21 | 2.49 | % |
| Судство | 00:28:08 | 3.29 | % |
| Граѓански сектор | 00:19:39 | 2.29 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:45:20 | 5.29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:19 | 2.84 | % |
| Левица | 00:03:48 | 0.44 | % |
| АРМ | 00:00:38 | 0.07 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:08 | 0.37 | % |
| Независни кандидат(к)и | 00:05:36 | 0.65 | % |
| Граѓани | 00:34:00 | 3.97 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:04:18 | 0.50 | % |
| Здравство | 00:18:49 | 2.20 | % |
| Медиум | 00:03:59 | 0.47 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:10:44 | 1.25 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:00:52 | 0.10 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:43:12 | 5.04 | % |
| Коалиција Европски фронт/НАИ | 00:01:23 | 0.16 | % |
| Локална самоуправа (БЕСА) | 00:00:52 | 0.10 | % |
| Локална самоуправа (Максим Димитриевски) | 00:01:13 | 0.14 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:00:45 | 0.09 | % |
| | **Вкупно = 14:16:31** | **100** | **%** |

## 2. Посебни информативни емисии:

***Дебати на изборни теми***
(премиерно емитувани)

Од 10 август до 28 септември, МРТ2 во информативната емисија „ЗООМ реализираше две дебатни емисии на тема Локални избори 2025.

***Табела 4: Дебатни емисии на МРТ2***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **16.09** | 1.Рамадан Рамадани, аналитичар<br>2.Фатон Алити, аналитичар | - Какви избори очекуваме?<br>- Што ќе ја одреди изборната трка, ветувањата или политичките емоции?<br>- Изборната кампања на Коалицијата Национална алијанса за интеграција?<br>-Дали партиите повеќе се заинтересирани за политичка пропаганда или за конкретни идеи? | ЗООМ |
| **23.09** | 1.Џенис Сулеимани, политиколог<br>2.Џенур Исени, политиколог<br>3.Фатон Мехмеди, политиколог | - Која партија владее на теренот?<br>- Каква е пораката на главните политички партии од македонскиот и албанскиот блок?<br>- Дали овие избори, како што вели ДУИ, се „референдум“?<br>- Како влијае опозициската реторика на НАИ врз ВРЕДИ?<br>- Кандидатурите на Левица во средините со албанско население?<br>- Меѓупартиски обвинувања ВРЕДИ-ДУИ;<br>- Кандидатурите на ВРЕДИ и ДУИ;<br>- Независните кандидат(к)и за градоначалници;<br>- Дали се можни предвремени парламентарни избори? | ЗООМ |

## <u>ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ</u>

## <u>ТВ АЛСАТ – М</u>

1. **Дневно-информативни емисии**:

***<u>Примерок за анализата</u>***:

Вести од 19:00 часот.

***<u>Број на анализирани изданија и вкупно времетраење</u>***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 19 часа 16 минути и 8 секунди.

***<u>Главни теми и начин на известување</u>***:

Главните жанрови преку кои известуваше ТВ Алсат-М беа вест, вест во низа, извештај и осврт. Во Вестите од 19 часот, во овој период, медиумот редовно известуваше за активностите на Владата (речиси 3 ипол часа), работата на Комисијата за надзор над Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање, одбележувањето на 24-годишнина од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, изборот на заменик-претседателот на ДКСК, мерките на Владата за намалување на цените на училишниот прибор, како и одбележувањето на 30-годишнината од независноста на државата.

Телевизијата посвети внимание и на други теми, особено социјални прашања значајни за животот на граѓаните, како и за состојбата со отпадот во Скопје и други градови, при што се вклучуваа и изјави на незадоволни граѓани. Пожарите беа честа тема во прилозите, преку сведоштва на очевидци, активности на надлежните институции за нивно гаснење и посети на погодените места од претставници на Владата.

Од темите поврзани со предизборието, ТВ Алсат–М информираше за организацијата на изборниот процес и предложените измени во Изборниот законик, проследени со извештаи за активностите и изјави од претставници на ДИК. Тоа резултираше со најголема временска застапеност на ДИК како субјект во прилозите на основната тема на мониторингот. Фокусот беше ставен и на предизборните средби и активности со граѓаните на кандидатите за градоначалник на Чаир – Изет Меџити од Коалицијата ВРЕДИ и неговиот ривал од ДУИ - Бујар Османи, кои ги презентираа своите програми, но влегоа и во меѓусебни обвинувања за различни општествено-политички прашања. Редакцијата исто така известуваше за меѓусебните обвинувања помеѓу владејачката ВМРО ДПМНЕ и опозициската СДСМ, кои главно произлегуваа од партиската полемика за актуелни општествено-политички случувања.

Од политичките партии, Алсат-М издвои најмногу време во вестите за ДУИ (околу 1 час и 9 минути), на што треба да се додаде и времето за Коалиција Европски фронт/НАИ (речиси 18 минути), по што следуваат Коалицијата ВРЕДИ со околу 54 минути, СДСМ со речиси 49 минути и ВМРО ДПМНЕ со околу 38 минути.

Информативната редакција на Телевизијата имаше критички став кон Бујар Османи, неговите сопартијци и ДУИ воопшто, како и кон други политички субјекти кои пред Локалните избори или се повлекоа од или се приклучија кон Коалицијата Европски фронт (кој до крајот на предизборието се преименуваше во Национална алијанса за интеграција). Ова се рефлектираше преку низа прилози, со критички, но понекогаш и негативен тон, со кои беше направен осврт на политичкиот мандат на ДУИ кога беше дел од извршната власт. Негативниот тон можеше да се забележи и од телопите со кои беа придружени прилозите (некои од телопите беа дадени последователно во ист прилог), како на пример: „Османи се гордее со работата како министер", „Констатирани се неколку повреди", „Османи, нерегуларности со возилата", „Нерегуларности со исплаќањето на нафтата", „Османи, вработувања преку Агенција", „Вработувањата на Османи без решенија", „24 години од Охридскиот договор", „Нерешени критични точки", „Опозицијата со неидентификуван идентитет"; „Национална Алијанса, со неалбанци", „Импровизација според потребата на кампањата", „Статусот на поранешните војници нерешен", „Тачи бараше многу", „Тачи го оправдуваше

Ахмети", „Ахмети, виновен за состојбата", „Ахмети го нарече Чаир Кандахар", „ДУИ некогаш протестираше, сега ги затвора очите", „ДУИ со контрадикторни изјави", „Груби: На албански само амблемите".

Поради негативниот тон и врамување при известувањето за ДУИ и нејзината Коалиција, не беше доследно почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања согласно член 47-а, став 1, алинеја 9 од ЗААВМУ.

Во овој период, ТВ Алсат-М двапати писмено ја извести Агенцијата дека претставниците на ДУИ и Европскиот фронт, одбиваат да учествуваат на програмата на Телевизијата.

Една од карактеристиките на централните Вести беа интервјуата од кои пет беа на изборни теми со соговорниците: Абдуш Демири, заменик - претседател на ДИК (со кого беа направени две интервјуа, на 24 август и на 17 септември); Башким Селмани, професор и аналитичар; Беким Фазли, претседател на движењето Арберија и Христијан Мицкоски, премиер и претседател на ВМРО ДПМНЕ.

Инаку, во вести и извештаи со траење од околу 2 часа и 44 минути, субјекти беа лица и институции кои влегуваат во методолошката категорија „други субјекти" какви што се противпожарните бригади, поранешни функционери, студенти, факултети, средното училиште Медресе „Иса Бег", адвокати и сл.

***__Табела 5: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ Алсат-М__***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:38:26 | 3,32 | % |
| СДСМ | 00:48:43 | 4,21 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:09:33 | 6,02 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:40 | 1,01 | % |
| ДИК | 00:39:52 | 3,45 | % |
| Влада | 03:29:42 | 18,14 | % |
| Собрание | 00:29:28 | 2,55 | % |
| Претседател | 00:06:23 | 0,55 | % |
| Други субјекти | 02:44:46 | 14,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:17:04 | 6,67 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:44 | 0,06 | % |
| Јавно обвинителство | 01:02:02 | 5,37 | % |
| Судство | 00:55:06 | 4,77 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:34 | 1,52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:06 | 0,44 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:59 | 1,30 | % |
| Левица | 00:04:48 | 0,42 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:20 | 0,46 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:53 | 0,16 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:01:36 | 0,14 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:06:17 | 0,54 | % |
| Независни кандидати | 00:12:02 | 1,04 | % |
| Граѓани | 01:27:32 | 7,57 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:58:15 | 5,04 | % |
| Здравство | 00:23:14 | 2,01 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:05:52 | 0,51 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:02:56 | 0,25 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:54:19 | 4,70 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:04:42 | 0,41 | % |
| Коалиција Европски фронт/НАИ | 00:17:54 | 1,55 | % |
| Локална самоуправа (АА и Алтернатива) | 00:00:34 | 0,05 | % |
| Локална самоуправа (БЕСА) | 00:09:38 | 0,83 | % |
| Локална самоуправа (Максим Димитриевски) | 00:03:52 | 0,33 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:04:16 | 0,37 | % |
| | **Вкупно = 19:16:08** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

Во анализираниот период, немаше посебни информативни емисии на изборни теми.

## ТВ АЛФА

### 1. Дневно-информативни емисии:

***Примерок за анализата***:

Вести од 17:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 49 изданија на централните вести[3], со вкупно времетраење на анализираните прилози од 26 часа 13 минути и 20 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Во периодот опфатен со анализата, известувањето на ТВ Алфа беше концентрирано на претстојните Локални избори и владините активности/тековни кризи за кои во вестите беше одвоено време од 6 часа и 43 минути, при што преовладуваше наратив видно наклонет кон владејачката ВМРО ДПМНЕ и нејзините коалициски партнери, додека опозицијата често беше предмет на критика и негативно врамување. Главните жанрови на известување беа политички репортажи и извештаи, владини соопштенија и аналитички прилози/коментари, при што коментаторските извештаи и анализите во кои беа емитувани изјави на политички аналитичари и анкети со граѓани често беа користени за да се потврди тезата на медиумот.

Распределбата на времето беше насочена кон ВМРО ДПМНЕ (2 часа и 5 минути) како извор на позитивни вести и критики кон опозицијата. Клучните теми во вестите се вртеа околу информации за „убедливото предизборно водство на ВМРО ДПМНЕ“, втемелено со прилози за отчет за сработеното, проекти и економски достигнувања (раст на туризмот и индустриското производство, привлекување странски инвестиции). Оваа агенда беше засилена со акцентирање на инфраструктурните проекти и „жестоката борба“ против криминалот и корупцијата – особено преку фокусирање на скандалот со наводите за прислушување во АНБ за време на претходната власт на СДСМ и ДУИ. Значително време во вестите беше одвоено и за активностите на премиерот Христијан Мицкоски, вицепремиерот и министер за транспорт Александар Николоски (изградба на делници на автопатот Кичево-Охрид и најавите за изградба на пругата кон Бугарија), како и за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Цветан Трипуновски (мерки за откуп на домашна пченица и грозје, промоција на кампањата „Македонско најдобро“). Значајно време беше посветено и на пожарите во депониите и на отворено, за кои Владата обвини дека биле свесно подметнати од „центри на моќ“, а Обвинителството отвори истрага. Чести беа прилозите од прес-конференциите на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување Стојанче Ангелов посветени на состојбата со пожарите, на што во голем дел се должи и времето од околу 1 час и 32 минути за органите на државната управа.

Од друга страна, опозицијата (СДСМ со 1 час и 17 минути и ДУИ со речиси 19 минути) главно беше покриена во контекст на негативни анкети, скандали и критики од владејачката партија, што укажува на силно пристрасно врамување во предизборното известување. СДСМ беше континуирано прикажан во негативен контекст, како партија во „слободен пад“ која се фокусира на критики без да понуди сериозни проекти, а нивните предлози (како резолуцијата за Уставот) беа врамени како „дневнополитички маневар“. Слично, ДУИ и нивните локални функционери беа предмет на критика поради внатрешен раскол, користење на националистичка реторика и обвинувања за корупција. Големо внимание беше посветено и на хаосот и нечистотијата во Скопје, при што актуелната градоначалничка Данела Арсовска беше остро критикувана и посочувана како одговорна за „депонии и ѓубре“.

Со ваквиот начин на известување во вестите, ТВ Алфа не го почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења со што би ѝ овозможила на публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања од член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

[3] Во овој период единствено не беше анализирано изданието емитувано на 13 август, поради технички проблеми при обезбедување на снимката од ТВ Алфа за тој ден.

Под методолошката ставка „Други субјекти“ која зазема значајно време од околу 3 ипол часа во вкупното време во централното издание на вестите на ТВ Алфа, бележени беа активностите и ставовите од претставници на бизнис заедницата и стопанските комори, изјави на адвокати, научни институции, истражувачки центри на јавното мислење, ДКСК, НБРМ и од други медиуми од земјава или странство.

Во централното издание на вестите на ТВ Алфа беа емитувани и четири интервјуа: со Александар Николоски – вицепремиер и министер за транспорт, Јани Бојаџи – директор на филмскиот фестивал „Преку езерото“, Весна Јаневска – министерка за образование и наука и Џозеф Варади – главен извршен директор на Визер. Темите се однесуваа на економијата и инфраструктурата (Николоски), нови авиолинии и туризам (Варади), предизвиците во образованието (Јаневска) и културни настани (Бојаџи).

Во анализираниот период, ТВ Алфа за време на викендите емитуваше вести за културата како посебен сегмент во рамките на централното издание на вестите во 17:30 часот, по завршувањето на опсежниот блок со македонските политички и економски теми. Овој концепт претставуваше добар пример за посветеност на промовирањето на културниот живот во државата, обезбедувајќи редовен простор за содржини кои се важни за граѓаните. Во овој сегмент беа опфатени разновиден и широк спектар на настани и достигнувања: филмски фестивали како „Преку езерото“, „Македокс“, „Киненова“ и „Браќа Манаки“, со што беа истакнати филмската продукција и лауреатите на фестивалите. Беа прикажани изјави на ликовни уметници за нивните актуелни изложби, промоција на книжевност и поезија, со посебен акцент на Струшките вечери на поезијата и доделувањето на наградите „Антево перо“ и „Пегаз“.

***<u>Табела 6: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ Алфа</u>***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 02:05:13 | 7,96 | % |
| СДСМ | 01:17:20 | 4,92 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:18:53 | 1,20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:56 | 0,25 | % |
| ДИК | 00:26:58 | 1,71 | % |
| Влада | 06:43:03 | 25,62 | % |
| Собрание | 00:19:34 | 1,24 | % |
| Претседател | 00:13:03 | 0,83 | % |
| Други субјекти | 03:29:30 | 13,32 | % |
| Без субјекти | 00:02:24 | 0,15 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 02:32:13 | 9,68 | % |
| Јавно обвинителство | 00:51:36 | 3,28 | % |
| Судство | 00:36:53 | 2,34 | % |
| Граѓански сектор | 00:40:07 | 2,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:27:23 | 5,55 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:15 | 1,92 | % |
| Левица | 00:01:06 | 0,07 | % |
| АРМ | 00:01:27 | 0,09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:30:08 | 1,92 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:04 | 0,07 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:52 | 0,18 | % |
| Независни кандидат(к)и | 00:14:31 | 0,92 | % |
| Алтернатива | 00:01:54 | 0,12 | % |
| Граѓани | 01:00:25 | 3,84 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:10:46 | 0,68 | % |
| Здравство | 00:06:05 | 0,39 | % |
| Култура (институции и организации) | 01:49:49 | 6,98 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:08 | 0,71 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:04:41 | 0,30 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:19:00 | 1,21 | % |
| | **Вкупно = 26:13:20** | **100** | **%** |

2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
<u>(премиерно емитувани)</u>

ТВ Алфа во периодот од 10 август до 28 септември емитуваше вкупно 20 интервјуа кои вклучуваа изборни теми, од кои 13 во изданија на емисијата „За или против“ која премиерно се емитува во 18:30 часот, 5 во изданија на емисијата „Заспиј ако можеш“ која се емитува во 22:30 часот и две интервјуа во рамки на утринската програма „Добро утро, секое утро“.

Во изданието на емисијата „За или против“ емитувано на 11 септември 2025 година, водителката и уредничка Искра Коровешовска информираше дека кандидатите на СДСМ не прифаќаат покани во емисиите на ТВ Алфа и одбиваат да гостуваат во нејзините посебни информативни емисии (интервјуа/дебати). Ова беше наведено и од водителот на изданието на „Заспиј ако можеш“ од 15 септември.

Сепак, од вкупно 20 интервјуа реализирани во различни емисии, 10 беа со претставници од ВМРО ДПМНЕ од кои шест со кандидати за градоначалници предложени од ВМРО ДПМНЕ, еден министер и еден пратеник од оваа партија: Сотир Лукровски, кандидат за градоначалник на Општина Карпош, кој беше интервјуиран двапати; Славе Андонов, актуелен градоначалник и кандидат за Василево, Бети Стаменкоска – Трајкоска, кандидатка за градоначалничка на Кисела Вода; Орце Ѓорѓиевски, актуелен градоначалник на Кисела Вода и кандидат за градоначалник на Град Скопје; Дејан Митовски, актуелен градоначалник и кандидат за Аеродром, Александар Стојковски, актуелен градоначалник и кандидат за Ѓорче Петров; потоа вицепремиерот и министер за транспорт Александар Николоски и пратеникот Миле Лефков. Претседателот на МААК Страшо Ангеловски беше единствениот интервјуиран претставник од друга политичка партија.

Начинот на реализирање на интервјуата од страна на новинарите беше во позитивна рамка за Владата и ВМРО ДПМНЕ, што можеше да се забележи и од телопите на екранот и од прашањата кон гостите кои не беа критички туку на иста линија со нивните ставови.

Освен горенаведените политичари, во предизборниот период, на ТВ Алфа интервјуа на изборни теми имаше и со политички аналитичари и со новинари.

***<u>Табела 7: Интервјуа на ТВ Алфа</u>***

| **ТВ Алфа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **11.08.2025** | Драган Павловиќ – Латас – новинар/политички аналитичар; | - Британскиот кредит и економската политика на Владата;<br>- Анализа на инфраструктурните проекти;<br>- Локалните избори и потенцијалните кандидати; | **За или против**<br>(реприза на интервју емитувано пред почетокот на мониторингот) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Општа ревизија на работата на Владата и споредба со минатата влада на СДСМ и ДУИ. | |
| **25.08.2025** | Мирсад Јонуз – политички аналитичар; | - Анализа на владините политики;<br>- Анализа на политичката понуда за Локалните избори 2025, состојбата во Чаир, предвидување на резултатите. | **За или против** (реприза на интервју емитувано пред почетокот на мониторингот) |
| **28.08.2025** | Ивона Талевска – новинарка; | - Македонија во фокусот: инфраструктура, интеграции, избори;<br>- Коментар на опозицијата, независните кандидат(к)и и формирањето на нови политички партии пред Локалните избори. | **За или против** (реприза на интервју емитувано пред почетокот на мониторингот) |
| **01.09.2025** | Сотир Лукровски - кандидат за градоначалник на Општина Карпош, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - Прашања за тоа кој е Сотир Лукровски приватно;<br>- Кои се неговите планови и проекти како градоначалник на Општина Карпош. | **Добро утро, секое утро** |
| **08.09.2025** | Александар Стојковски, градоначалник на Општина Ѓорче Петров и кандидат предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - Културно лето во Ѓорче Петров. | **Добро утро, секое утро** |
| **09.09.2025** | Славе Андонов – актуелен градоначалник и кандидат за градоначалник на Општина Василево, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - Актуелната економска ситуација во Општина Василево,<br>- Неговите предвидени проекти;<br>- Коментар на владините активности во однос на општините, децентрализацијата. | **За или против** |
| **09.09.2025** | Александар Николоски – вицепремиер и министер за транспорт, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ; | - Инвестициите во инфраструктурата и изградба на патиштата и железницата;<br>- Анализа на работата на Владата;<br>- Предвидувања за резултатите од Локалните избори и за кандидатите на ВМРО ДПМНЕ? | **Заспиј ако можеш** |
| **10.09.2025** | Сотир Костов – политички аналитичар; | - Скандалот со наводите за прислушкување во АНБ;<br>- Локалните избори и што следи по нив. | **За или против** |
| **10.09.2025** | Љуљзим Фаризи – политички аналитичар; | - Дали и колку ДУИ е инволвирана во аферата „следење“?<br>- Коментар за националистичкиот наратив на партиите во предизборието;<br>- Кој е во предност во албанскиот блок и кои се очекувањата по изборите? | **Заспиј ако можеш** |
| **11.09.2025** | Бети Стаменкоска Трајкоска – кандидатка за градоначалничка на Општина Кисела Вода, предложена од ВМРО ДПМНЕ; | - Дали Кисела вода ќе добие градоначалничка?<br><br>**Информација од водителката Коровешовска дека СДСМ не прифаќа покани за гостување во емисиите на ТВ Алфа и апел да дојдат** | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15.09.2025** | Страшо Ангеловски - претседател на политичката партија МААК; | - Наплив на предизборна пироманија во Македонија: едни палат депонии, други ја „палат“ јавноста;<br>- Отрпна ли светот на грозоморието во Газа и долгиот конфликт во Украина?<br>- Локални избори: Каква кампања нѐ очекува, ако по утрото денот се познава? | **За или против** |
| **15.09.2025** | Орце Ѓорѓиевски – градоначалник на Општина Кисела Вода и кандидат за градоначалник на град Скопје, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - „Вардариште“, „Дрисла“, фабрика за отпад – на пожарите им нема крај - коментар на палењето на пожарите;<br>- Што е со градскиот превоз?<br>- Како Скопје ќе стане вистинска метропола?<br>- Чисти и асфалтирани улици – дали конечно ќе ги дочекаме?<br><br>**Водителот кажа дека ќе ги покани сите што сакаат да дојдат и се надева дека ќе дојдат, иако прејудицира дека некои политички партии не сакаат да доаѓаат во ТВ Алфа.** | **Заспиј ако можеш** |
| **16.09.2025** | Милан Стефановски – политички аналитичар; | Телоп 1: Палење на државата за добивање политички поени<br>Телоп 2: Подметнувањето пожари се оквалификува како тероризам<br>Телоп 3: Скандалот со следење на политичари, бизнисмени и новинари уште чека разврска<br>- Предизборните активности на политичките партии, што не очекува во кампањата?<br>- Геополитичките случувања, Израел пред целосна изолација поради Газа? | **Заспиј ако можеш** |
| **17.09.2025** | Љубомир Ѓурчовски – безбедносен експерт; | - Сведочиме ли на „огнена револуција“: Кој се крие зад пожарите и пеплосувањето на Македонија?<br>- Дали со пожарите се фрла дефокус и магла на аферата за прислушкување на лидерот на опозицијата? | **За или против** |
| **17.09.2025** | Сотир Лукровски - кандидат за градоначалник на Општина Карпош, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - Презентација на предвидените проекти на кандидатот за градоначалник на Општина Карпош;<br>- Кои се неговите предвидувања за резултатот на Локалните избори? | **Заспиј ако можеш** |
| **18.09.2025** | Дејан Митовски – градоначалник на Општина Аеродром и кандидат за градоначалник, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | - Како и кога засекогаш ќе се затвори депонијата Вардариште?<br>- Санкција и одговорност за пироманите и еко – загадувачите. | **За или против** |
| **19.09.2025** | Александар Стојкоски – градоначалник на | - Што беше ветено и што се реализираше во Општина Ѓорче Петров? | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Општина Ѓорче Петров и кандидат за градоначалник, предложен од ВМРО ДПМНЕ; | | |
| **22.09.2025** | Воислав Зафировски – колумнист, политички аналитичар и поранешен член на ДКСК; | - Очекувањата за тоа каква ќе биде кампањата за Локалните избори 2025?<br>- Состојбата во судството и обвинителството, потребата од итни реформи. | **За или против** |
| **23.09.2025** | Агим Јонуз – политички аналитичар; | Телоп 1: Серија катастрофални пресуди: 2 насто е преголема доверба за вакво криминогено судство;<br>Телоп 2: МВР може да прави и чуда, но бадијала со вакво обвинителство и суд - итна потреба од ремонт на правосудниот систем во Македонија;<br>Телоп 3: Поразителни анкети за опозицијата: СДСМ губи во просек со 4:1 од ВМРО ДПМНЕ, Левица им дише во врат на Бихаќка;<br>- Дневно политички теми, судство, избори, политички партии, власт, опозиција. | **За или против** |
| **24.09.2025** | Миле Лефков – пратеник од ВМРО ДПМНЕ. | Телоп 1: „Број 9" за ВМРО ДПМНЕ на гласачкото ливче за Локални избори, за нумерологијата 2025-та е година на деветката (2+0+2+5=9);<br>Телоп 2: Очајнички потези: СДСМ шири лажни вести, поплава на лаги и мизерија од лузерската кујна на Бихаќка. | **За или против** |

Политичкиот магазин „Седмица“ со Коле Чашуле, кој се емитува секоја недела во 20:30 часот, беше прилагоден за лицата со сетилна попреченост со титлување.

## ***Други информативни емисии***

Во периодот од 10 август до 28 септември, во изданија на политичкиот магазин – „Седмица“ и „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“- емитувани беа екстензивни критички коментари за активностите на опозициските партии СДСМ и ДУИ.

Освен во овие две емисии, изборите беа тема за дискусија и во контактните емисии „Добро утро, секое утро“ и „Збор по збор“. Така гледачите имаа можност да го искажат своето мислење на следниве теми: *„Можат ли независните, интегрирани во нов политички субјект, да направат промени во политичкото милје?“* („Добро утро, секое утро“, 14 септември); *„Дали и колку се „независни“, граѓанските организации кои преку нова партија ќе се „борат“ да земат дел од политичкиот колач на Локалните избори?!“* („Добро утро, секое утро“, 19 септември); *„Што очекувате од идниот градоначалник“* („Збор по збор“, 25 септември); *„Рекорден број на кандидатури за Локалните избори, неизвесна излезноста на граѓаните“* („Добро утро, секое утро“, 16 септември).

# ТВ КАНАЛ 5

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 20 часа.

***Главни теми и начин на известување***:

Преку вести (во низа) и извештаи, во Вестите од 18 часот за тема „предизборие“ беа издвоени 3 часа и 25 минути, а за „други теми“ – 16 часа и 35 минути. Се почитуваше начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и беше овозможено слободно да се оформи мислењето на публиката за одделни настани и прашања, во согласност со членот 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

При известувањето, посебно внимание привлече неизвесноста на статусот и на изборните можности за независните кандидат(к)и, произлезена од нејасните изборни критериуми, односно од разногласието во Државната изборна комисија околу толкувањето соодветни одредби од Изборниот законик. На оваа тема главно беа проследени ставовите на некои од независните кандидат(к)и за органите на локалната власт од Скопје, при што беше прикажан и континуитетот на нивните организациски зафати за колективен настап преку заедничка политичка платформа, најнакрај именувана – „Независни заедно“.

Од 10 август до 28 септември, во целината на средишната информативна емисија претежнаа вестите (во низа), извештаите, кусите интервјуа и репортажите за пожарите низ целата држава, а посебно за трите пожара што избувнаа на скопските депонии – „Дрисла“, „Вардариште“ и погонот за преработка електронски отпад близу селото Трубарево. На овие теми се должи и значаен дел од времето издвоено за органите на државната управа и јавните претпријатија (речиси 2 часа и 42 минути).

Меѓу другите теми од македонското секојдневие, неретко (зло)употребени и за партиски предизборен мегдан, се издвоија: најавата на опозициската СДСМ дека ќе достави предлог за т.н. „Национални црвени линии“, како основа за напредок на државата во европските интеграции; недостигот од учебници за непречен почеток на школската година; соработката меѓу Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, во врска со формирањето меѓународна комисија за испитување можна корупција околу кардиолошки операции на приватни клиники; аферата во која Агенцијата за национална безбедност беше јавно прозвана дека неовластено прислушкувала владини функционери, вклучително и премиерот, и нов случај на фемицид, како последица од системска негрижа за жртви на родовозасновано насилство.

Владата е субјект за кој беше издвоено најмногу време во Вестите – речиси 4 часа, а од политичките партии најмногу време има за СДСМ (1 час и 40 минути), потоа за ВМРО ДПМНЕ (безмалку 58 минути), ДУИ (околу 25 минути), додека за Коалицијата ВРЕДИ има нешто под 12 минути.

Повеќе од 2 часа во централното издание на Вестите им беше отстапено на „Други субјекти“, минутажа главно произлезена од искази/изјави на адвокати во тековни судски процеси, од активности на стопанските комори од различни економски/бизнис сектори, од неформални граѓански здруженија ад-хок активни околу опожарените подрачја во Скопје и скопско, потоа од протести на синдикални организации од различни работнички бранши, но и од ставовите на независни регулаторни тела.

***Табела 8: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ Канал 5***

| ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:57:53 | 4,82 % |
| СДСМ | 01:40:10 | 8,35 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:13 | 2,10 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:08 | 0,09 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:31 | 0,29 | % |
| ДИК | 00:03:31 | 3,44 | % |
| Влада | 03:57:05 | 19,76 | % |
| Собрание | 00:21:57 | 1,83 | % |
| Претседател | 00:15:38 | 1,30 | % |
| Локална самоуправа | 00:12:51 | 1,07 | % |
| Други субјекти | 02:05:42 | 10,47 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 02:41:45 | 13,48 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:24 | 0,12 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:02:18 | 0,19 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:39 | 0,05 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:39 | 0,05 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:00:57 | 0,08 | % |
| Јавно обвинителство | 00:45:38 | 3,80 | % |
| Судство | 00:40:30 | 3,38 | % |
| Граѓански сектор | 00:26:30 | 2,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:11:33 | 5,96 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:33 | 2,13 | % |
| Левица | 00:02:29 | 0,21 | % |
| АРМ | 00:00:57 | 0,08 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:20 | 0,70 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:49 | 0,07 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:08 | 0,09 | % |
| Независни кандидат(к)и | 00:16:50 | 1,40 | % |
| Граѓани | 01:07:46 | 5,65 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:45:59 | 3,83 | % |
| Здравство | 00:15:58 | 1,33 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:00:41 | 0,06 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:43 | 0,98 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:49 | 0,57 | % |
| Коалиција Европски фронт/НАИ | 00:00:41 | 0,06 | % |
| | **Вкупно = 20:00:00** | **100** | **%** |

## 2. **Посебни информативни емисии**:

***<u>Интервјуа на изборни теми</u>***
(премиерно емитувани)

Низ три наслова од актуелноинформативната програмска понуда: „Вести плус“, „Само интервју“ и „На кавга со Иван“, општо во широките рамки на предизборниот амбиент што наметна полемика околу различни аспекти на политичкото секојдневие, но не стриктно во смисла на медиумска презентација програмски понуди и (потенцијални) кандидати за општинските власти, беа направени интервјуа со: претставници на опозициската СДСМ - Кристина Костова, Сања Лукаревска, Фатмир Битиќи, Јована Тренчевска; со Арбен Адеми, претставник на ДУИ; со претставници на владејачката коалиција меѓу ВМРО ДПМНЕ и ЗНАМ – Бојан Стојаноски, Максим Димитриевски и Весна Бендевска; со Зијадин Села,

претседател на Алијансата за Албанците; но, свои гледишта изнесоа и политичките аналитичари - Љуљзим Фаризи, Петар Арсовски, Љубомир Гајдов, Благојче Атанасовски и Ѓулистана Марковска.

На теми соодветни за општествените ресори што ги раководат, и со спорадично споменување на изборите, во споменатите три емисии гостуваа и (редоследно): Коце Трајановски, директор на Јавното претпријатие за државни патишта; Кирил Лазов, директор на Државниот здравствен и санитарен инспекторат; Ѓоко Велковски, заменик-министер за труд и социјална политика; Александар Николоски, вице-премиер, министер за транспорт и врски; Зоран Љутков, министер за култура и туризам; Марјан Ристески, заменик-министер за економија и труд; Сашо Клековски, директор на Фондот за здравство; Слободан Трендафилов, претседател на Сојузот на синдикатите; Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување; Зоран Димитровски, заменик-министер за надворешни работи; Влатко Ѓорчев, национален координатор за демографија; млади и човечки ресурси.

## ***Други информативни емисии***

Во неколку изданија од „Здраво Македонијо", утринскиот, повеќечасовен забавно-информативен појас, чиј ТВ-формат им овозможи на гледачите и преку отворена телефонска врска да го искажат својот став за различни аспекти од претстојните ЛИ25, гостуваа и неколкумина кандидати за градоначалници од повеќе македонски општини, но ставени во друштво со јавни личности од различни општествени сфери. Во таков медиумски амбиент, кандидатите за градоначалници беа прикажани повеќе од приватен и од професионален аспект, отколку преку формална презентација на својата политичка визија/програма. Низ работните денови на периодот – од 10 август до 29 септември, редоследно гостуваа: Горјан Јовановски, независен кандидат на „Зелен хуман град" за градоначалник на Општина Центар; Александар Трајановски, кандидат од СДСМ за градоначалник на Општина Аеродром; Маја Мојсовска - Миовска, кандидатка од СДСМ за градоначалничка на Општина Карпош; Бети Стаменковска -Трајковска, кандидатка на ВМРО ДПМНЕ за градоначалничка на Општина Кисела Вода; Влатко Митовски, кандидат на СДСМ за градоначалник на Општина Гази Баба; Билјана Ивановска, кандидатка на политичката платформа „Независни заедно" за градоначалничка на Општина Центар; Златко Перински, актуелниот министер за локална самоуправа; Петар Саздов, кандидат на СДСМ за градоначалник на Општина Ново Село.

# **ТВ СИТЕЛ**

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

ТВ Дневник од 19 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 30 часа 53 минути и 26 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Во ТВ Дневникот, жанровски доминираа новинарските жанрови вести (во низа), извештаи, куси интервјуа и репортажи. Тематски, прилозите се однесуваа на актуелните прашања во мониторираниот период, како на пример пожарите во државата и во депониите во главниот град, разгледувани од аспект на релевантните државни институции и јавните претпријатија, меѓупартиските обвинувања, експерт(к)ите од областа на здравството и екологијата, а беа ставени и во контекст на „хибридни напади“. Голем фокус беше ставен и на известувањето за сомнежите за нелегалното прислушкување во АНБ кои исто така беа обработени во контекст на меѓупартиските обвинувања и ингеренциите на релевантните државни институции. Вести во низа имаше и за обвинувањата на кардиологот Сашко Кедев насочени кон приватните болници, трагедијата во Кочани, образовните теми како недостигот од учебници за учениците/чките, судскиот случај за нерегуларностите во работата на Клиниката за радиотерапија и онкологија како и за двојното убиство и самоубиство во Велес. Дел од овие прилози се рефлектираа во времето од околу 3 часа за органите на државната управа/јавните претпријатија.

Меѓупартиските обвинувања помеѓу власта и опозицијата, кои се однесуваа на најразлични прашања, беа обработувани како дневнополитички теми, при што беа еднакво застапени двете страни. Најмногу време беше издвоено за СДСМ - околу 1 час и 54 минути – што е за еден час повеќе од ВМРО ДПМНЕ, за ДУИ имаше речиси 26 минути, а за Коалицијата ВРЕДИ – речиси 15 минути.

Сепак, најчесто се известуваше за политиките и активностите на Владата што резултираше со тоа, таа да биде субјект во повеќе од 7 часа од времето во вестите.

Во контекст на предизборните теми, кои во анализираниот период беа ставени во втор план, најмногу се известуваше за претставувањето на програмите на кандидат(к)ите за градоначалници/чки од партиите и коалициите, но и за процесите на собирање потписи и кандидатурите на независните кандидат(к)и во кои освен нив, беа вклучени и ДИК, Уставниот суд и останатите поврзани институции.

Во дневноинформативното издание имаше и бројни прилози, со времетраење од околу 2 часа и 41 минути, за активности на субјекти кои методолошки се вбројуваат во категоријата „други субјекти“, какви што се адвокати, стопански комори, приватни претпријатија, универзитети и студенти, приватни болници, АЕК, АВМУ, Народна банка, поранешниот директор на АНБ и сл.

Како и во претходните изборни процеси, во секое мониторирано издание од ТВ Дневникот, во рубриката „Тема на денот“ беа реализирани интервјуа за актуелните општествено-политички настани. Од вкупно 50 интервјуа во вестите, во 8 од нив беа обработувани повеќе различни аспекти на изборниот процес, а беа реализирани со: претседателот на ДИК - Борис Кондарко (11.08.2025); аналитичарот Петар Арсовски (12.08.2025); професорот Борче Давитковски (19.08.2025); кандидатот на Левица за градоначалник на Скопје Амар Мециновиќ (23.08.2025); Марко Трошановски, претседател на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (25.08.2025); Горан Марковски, кандидатот за градоначалник на Скопје од платформата „Независни заедно“ (28.08.2025); министерот за локална самоуправа Златко Перински (30.08.2025) и аналитичарот Благојче Атанасовски (07.09.2025).

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 9: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:57:14 | 3,09 | % |
| СДСМ | 01:54:24 | 6,17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:40 | 1,38 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:42 | 0,09 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:56 | 0,05 | % |
| ДИК | 00:50:02 | 2,70 | % |
| Влада | 07:10:03 | 23,20 | % |
| Собрание | 00:42:12 | 2,28 | % |
| Претседател | 00:23:06 | 1,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:09 | 0,39 | % |
| Други субјекти | 02:41:11 | 8,70 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 03:01:10 | 9,77 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:32 | 0,14 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:06 | 0,06 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:26 | 0,02 | % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:49 | 0,04 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:51 | 0,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:38:05 | 2,06 | % |
| Судство | 00:37:22 | 2,02 | % |
| Граѓански сектор | 01:24:44 | 4,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 05:57:16 | 19,28 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:49:23 | 2,66 | % |
| Левица | 00:28:59 | 1,56 | % |
| АРМ | 00:02:19 | 0,12 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:21:06 | 1,14 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:02:32 | 0,14 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:01 | 0,05 | % |
| Независни кандидат(к)и | 00:35:11 | 1,90 | % |
| Граѓани | 00:45:56 | 2,48 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:16:28 | 0,89 | % |
| Здравство | 00:06:18 | 0,34 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:01:13 | 0,07 | % |
| Изјави од граѓани | 00:01:09 | 0,06 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:14:52 | 0,80 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:02:44 | 0,15 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:06:15 | 0,34 | % |
| | **Вкупно = 30:53:26** | **100** | **%** |

## 2. Посебни информативни емисии:

***Интервјуа на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Во анализираниот период, на ТВ Сител беа реализирани 4 интервјуа со изборна тематика, од кои едно во емисијата „Магазин“ (29.08.), која вообичаено не се занимава со политички теми, а три во рамки на утринската емисија „Ја сакам Македонија“, во засебната целина насловена „На дневен ред“.

***Табела 10: Интервјуа на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **29.08.** | Бети Стаменковска, пратеничка и кандидатка за градоначалничка на Општина Кисела Вода од ВМРО – ДПМНЕ | - Нејзиниот приватен и политички живот;<br>- Можноста да биде кандидатка за градоначалничка на Општина Кисела Вода;<br>- Дел од програмата која би ја понудила како кандидатка за градоначалничка. | **Магазин** |
| **01.09.** | Каја Шукова, кандидатка за градоначалничка на Град Скопје од СДСМ | - Можноста да победи на претстојните Локални избори;<br>- Проектите од мандатот на градоначалникот на Скопје од СДСМ Петре Шилегов кои не биле реализирани, а смета дека се добри решенија за понатаму;<br>- Односот кон проектот „Скопје 2014“;<br>- Делови од програмата за претстојните избори. | **На дневен ред** |
| **03.09** | Габриела Илиевска, независна кандидатка за градоначалничка на Битола | - Активностите на иницијативата „Поинаку“;<br>- Досегашното учество во Советот на Општина Битола;<br>- Значењето на независните кандидат(к)и во изборниот процес;<br>- Делови од програмата за претстојните избори. | |
| **10.09.** | Александар Стојковски, актуелен градоначалник на Општина Ѓорче Петров и кандидат за градоначалник на општината од ВМРО - ДПМНЕ | - Реализацијата на фестивалот „Еволуција на сонот“;<br>- Културната програма и досегашните проекти на општината;<br>- Делови од програмата за претстојните избори. | **„Ја сакам Македонија“** |

## ТВ ТЕЛМА

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија на централните вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 18 часа 31минута и 4 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Во периодот од т.н. „предизборие", медиумското известување беше фокусирано на следниве теми поврзани со изборниот процес и политичките случувања: процедурите и условите за кандидатура на независните кандидат(к)и за претстојните избори; обидот за измена на Изборниот законик преку собраниска расправа и реакциите на независните кандидат(к)и по неуспешната иницијатива за негова промена; обидот на ДУИ да го блокира Упатството за пополнување Образец за поднесување кандидатски листи за општините и градот Скопје; усвојувањето на Правилникот од страна на Државната изборна комисија кој предвидува олеснети услови за кандидатура на независните учесници во изборниот процес; таблички во боја за службените возила – мерка против злоупотреби во предизборниот период; заострена реторика помеѓу партиите пред изборната кампања со обвинувања – и во рамките на албанскиот, и во рамките на македонскиот политички блок, како и последните подготовки за изборната кампања преку партиски конвенции и претставување на кандидатите за градоначалници.

Во централниот дневник беше евидентирано интервју со Горјан Јовановски од Зелен хуман град за процесот на собирање потписи за формирање политичка партија како предуслов за учество на граѓанските организации на избори.

Како други актуелни теми, доминираа оние поврзани со еколошките инциденти – пожарите во депониите „Дрисла" и „Вардариште", како и во фабриката за електронски отпад и пластика во скопско Трубарево. Овие настани беа континуирано покриени од страна на радиодифузерот преку вести во низа од протести на граѓаните, реакции од медицинската фела со препораки за заштита на здравјето, мислења на експерти за последиците од пожарите, известувања од Дирекцијата за заштита и спасување и од надлежните министерства и друго. Други актуелни и значајни општествени теми обработувани во овој период беа: случајот со исчезнување на печатите во гимназијата „Крсте Петков Мисирков" во Демир Хисар; кривичната пријава поднесена против поранешната претседателка на Државната комисија за спречување корупција и ситуацијата околу изборот на нов претседател; јавната расправа за Генералниот урбанистички план (ГУП) во Град Скопје со учество и предлози од граѓаните; здравствена истрага за сомнителни кардиолошки интервенции од приватни болници со цел остварување профит; одземање на ингеренциите на Стоматолошката комора за издавање лиценци; наводите за незаконско следење на политичари, јавни личности и новинари од страна на Агенцијата за национална безбедност (АНБ); меѓусебни обвинувања меѓу парламентарните партии во врска со надзорот на АНБ преку работата на Собраниската комисија за безбедност; евроинтегративниот процес и предлогот од опозицијата за т.н. црвени линии; како и меѓупартиски обвинувања и критики на релација партии - Влада. Редакцијата информираше и за активни пожари низ целата држава; за тековни судски рочишта како што се случаите: „Онкологија 2", „Беланоца/Барон" и други; „Маршот на ангелите" организиран од родителите и роднините на жртвите во пожарот во дискотеката „Пулс" во Кочани; за актуелни економски теми; за случаи од билтенот на МВР што се подведуваат под насловот – „црна хроника", како и покривање различни културни настани во земјата.

Ваквото следење на секојдневието резултираше со близу 3 часа прилози во кои субјект е Владата и околу 2 часа и 37 минути во кои таа улога ја имаат органите на државната управа и јавните институции.

Под методолошката ставка „други субјекти" – која беше најзастапена во анализираниот период (околу 4 часа и 24 минути) – беа евидентирани различни институции, организации и поединци, меѓу кои: регулаторни тела и агенции (Регулаторна комисија за енергетика, АЕК и ДКСК), адвокати и обвинети,

високообразовни институции (УКИМ, УГД), економски и финансиски субјекти (НБРМ, ЕСМ, стопанска комора, стоматолошка комора, други комори, економски институции), како и јавни и приватни компании (М-НАВ, „Макпрогрес“, странски компании како „МајВорлд“ и „Лајконет“), приватни здравствени установи, синдикални организации, уметници и актери.

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања, согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***<u>Табела 11: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ Телма</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:13 | 2,00 | % |
| СДСМ | 00:36:01 | 3,24 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:19:44 | 1,78 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:50 | 0,08 | % |
| ДИК | 00:18:50 | 1,70 | % |
| Влада | 02:54:20 | 15,69 | % |
| Собрание | 00:28:42 | 2,58 | % |
| Претседател | 00:02:46 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:10:40 | 0,96 | % |
| Други субјекти | 04:23:44 | 23,74 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 02:37:09 | 14,14 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:20 | 0,03 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:00 | 0,09 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:00 | 0,09 | % |
| ПОПГМ - Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија | 00:01:04 | 0,10 | % |
| Јавно обвинителство | 01:03:43 | 5,74 | % |
| Судство | 00:38:07 | 3,43 | % |
| Граѓански сектор | 01:17:46 | 7,00 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:45:13 | 4,07 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:11 | 1,55 | % |
| Левица | 00:02:14 | 0,20 | % |
| АРМ | 00:01:00 | 0,09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:10:09 | 0,91 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:02:34 | 0,23 | % |
| Независни кандидат(к)и | 00:17:34 | 1,58 | % |
| Граѓани | 00:59:28 | 5,35 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:19:46 | 1,78 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:01:26 | 0,13 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:15 | 1,01 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:01:11 | 0,11 | % |
| Локална самоуправа (БЕСА) | 00:02:50 | 0,26 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:01:13 | 0,11 | % |
| | **Вкупно = 18:31:04** | **100** | **%** |

## 2. Посебни информативни емисии:

***Дебати на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Едно издание на емисијата „Топ Тема“ беше посветено на претстојните Локални избори, додека темите во останатите изданија на емисиите „Топ Тема“ и „Win Win“ не беа директно поврзани со изборите, туку фокусот беше ставен на други актуелни општествени, економски и политички прашања со учество на гости од различни професионални и општествени сфери.

***Табела 12: Дебатни емисии на ТВ Телма***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **26.09** | Иво Рангеловиќ, политоколог,<br><br>Сефер Селими, политички аналитичар;<br><br>Кратко интервју со Бојан Кордалов, директор на европски центар за извонредност во Брисел | - Предвремено започнување на кампањата - кампањата за Локалните избори во полн ек пред и официјално да почне. Партиите и функционерите ниту предупредени ниту казнети за тоа. По такво непочитување на закони, што може да се очекува во изборната кампања?<br>- Изборни програми: стари ветувања или нови решенија - ќе им понудат ли партиите рециклирани нереализирани идеи на граѓаните или ќе настапат со нови и остварливи идеи? Дали ќе се напушти матрицата на водење црна кампања и вистински ќе се адресираат проблемите на граѓаните на локално ниво? | **Топ Тема** |

## САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 ВЕСТИ

1. **Дневно-информативни емисии**:

***Примерок за анализата***:

Вести од 20:00 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 50 изданија вести, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 18 часа 39 минути и 46 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Во извештајниот период, Телевизија 24 Вести, преку вести и извештаи, најчесто известуваше за: разрешувањето на директорката на демирхисарската гимназија; справувањето со шумските пожари; иницијативата на поранешната пратеничка Лилјана Поповска за оценка на уставноста на Протоколот потпишан со Бугарија; маршевите на родителите на децата загинати во пожарот во дискотеката во Кочани; обвинителниот акт за трагедијата во Кочани; обвинувањата на д-р Сашко Кедев за злоупотреби од страна на некои приватни клиники при кардиолошки хируршки интервенции; формирањето комисии од Министерството за здравство и работа на комисиите за испитување на наводите на д-р Кедев; активности на ДИК за изборниот процес; собирањето потписи на независните кандидат(к)и/ и прагот за учество на изборите; предизборните активности на политичките субјекти и независните кандидат(к)и (номинирање кандидати за градоначалници, листи за советници, средби со граѓани, меѓупартиски обвинувања); предизборните партиски комбинаторики за коалицирање во некои општини; Предлог-резолуцијата на СДСМ за спорот со Бугарија; аферата со прислушување во Агенцијата за национална безбедност; известувањата за неколку судски процеси: „Геријатрија", Онкологија", „нападот на градоначалничката на Скопје, Данела Арсовска; пожарите во дивата депонија „Вардариште", депонијата „Дрисла", складот за електронски отпад во Трубарево и во фабриката „Макпрогрес" во Виница; протестите на граѓаните против аерозагадувањето од пожарите во Скопје; здравствените последици од аерозагадувањето; односите со Бугарија – писмото на Бугарија до ЕУ против македонската влада; застојот на евроинтегративниот процес на земјава; редовните активности на Владата; економски теми (минимална плата, откуп на земјоделски производи, пресметка на потрошувачката кошничка); убиството на младата девојка во Велес.

Како субјект во прилозите, најзастапена беше Владата со речиси 3 часа и 40 минути, а нешто над 1 час и 35 минути има за органите на државната управа, јавните институции и претпријатија.

Значајно е присуството на субјекти во вестите што методолошки се водат во категоријата „други субјекти" (повеќе од 2 часа), меѓу кои се појавуваат: Стопанска комора (СКМ), Стоматолошка комора, Народна банка, Државна комисија за спречување корупција (ДКСК), Регулаторна комисија за енергетика (РКЕ), Сојуз на стопански комори (ССК), Лекарска комора, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), Црвен крст, Фудбалска федерација (ФФМ), адвокати, доктори, приватни болници, универзитетски професори, бизнисмени, новинари, универзитети, поранешни функционери/пратеници. Видлива е застапеноста и на граѓанскиот сектор за чии претставници бил издвоен нешто повеќе од 1 час.

Меѓу партиите, најзастапена е СДСМ со 1 час и 11 минути, а потоа ВМРО ДПМНЕ со 40 минути, ДУИ со 26 минути, и Коалицијата ВРЕДИ со околу 13 минути.

Во анализираното издание вести, Телевизијата известуваше со неутрален тон.

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања, согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

*Табела 13: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ 24 Вести*

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:40:05 | 3,58 % |
| СДСМ | 01:11:28 | 6,38 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:26:07 | 2,33 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:29 | 0,04 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:43 | 0,15 % |
| ДИК | 00:31:40 | 2,83 % |
| Влада | 03:39:24 | 19,59 % |
| Собрание | 00:22:47 | 2,04 % |
| Претседател | 00:14:22 | 1,28 % |
| Други субјекти | 02:06:20 | 11,28 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:35:17 | 8,51 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:36 | 0,05 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:28 | 0,04 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:56 | 0,08 % |
| Јавно обвинителство | 00:42:40 | 3,81 % |
| Судство | 00:37:29 | 3,35 % |
| Граѓански сектор | 01:05:08 | 5,82 % |
| Експерти/аналитичари | 00:42:46 | 3,82 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:36:57 | 3,30 % |
| Левица | 00:13:13 | 1,18 % |
| АРМ | 00:00:10 | 0,01 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:19 | 0,65 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:32 | 0,14 % |
| Независни кандидат(к)и | 00:20:09 | 1,80 % |
| Граѓани | 02:19:18 | 12,44 % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:35:46 | 3,19 % |
| Здравство | 00:03:05 | 0,28 % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:00:55 | 0,08 % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:13:07 | 1,17 % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:05:18 | 0,47 % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:03:12 | 0,29 % |
| | **Вкупно = 18:39:46** | **100 %** |

Сите изданија на анализираните Вести од 20:00 часот беа прилагодени за лицата со сетилна попреченост со знаковен јазик.

## 2. Посебни информативни емисии:

***Интервјуа на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Премиерно, беа емитувани 10 интервјуа на изборни теми, од кои дел беа исклучиво за изборниот процес, а во дел, покрај за други дневнополитички теми, се разговараше и за претстојните избори. Медиумот имаше еднаков третман кон сите соговорници.

Дополнително, премиерно беа емитувани уште три интервјуа со политичари, неповрзани со изборите, со следните соговорници: Панче Тошковски, министер за внатрешни работи („Неделно интервју" на РА Слободна Европа); Јане Мицевски, пратеник на ВМРО ДПМНЕ („Мој збор"); Павле Трајанов, претседател на Демократски Сојуз и национален координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам („Трилинг").

***Табела 14: Интервјуа на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **24.08.** | Борис Кондарко, претседател на ДИК | - Предизвиците со кои се соочува ДИК во подготовките за Локалните избори;<br>- Измените на Изборниот законик, забелешките на ОБСЕ/ОДИХР;<br>- Предвремена кампања на потенцијалните кандидати за градоначалници;<br>- Проблемот со наменски формираните портали и исплатите на ППР;<br>- Бројот на независни кандидатски листи и справувањето на ДИК. | **Неделно интервју (на РА Слободна Европа)** |
| **14.09.** | Александар Саша Димитриевиќ, генерален секретар на СДСМ и шеф на ИШ за Локалните избори | - Очекувања од Локалните избори;<br>- Предизборен партиски рејтинг;<br>- Политичката борба за Општина Центар со противкандидатот од ЗНАМ и независната Биљана Ивановска;<br>- Партиски калкулации за поддршка на кандидати за градоначалник на Кичево и други општини;<br>- Евроинтеграциите, Резолуцијата со црвени линии за односите со Бугарија;<br>- Аферата со прислушување во АНБ. | **Неделно интервју (на РА Слободна Европа)** |
| **15.09.** | Агрон Фазлији, претседател на Комората на занаетчии | - Барањата на занаетчиите упатени до кандидатите за градоначалници од Северо-источниот регион;<br>- Реакции од кандидатите за градоначалници на барањата на занаетчиите;<br>- Колку локалната самоуправа е битна за една економија;<br>- Борбата со нелојалната конкуренција и сивата економија; | **Студио 10** |
| **15.09.** | Бранко Героски, новинар | - Пожарите во Трубарево, „Дрисла" и „Вардариште";<br>- Аферата со прислушување во АНБ; | **Аргумент плус** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Големиот интерес на кандидати за градоначалници и листи за советници во општините;<br>- Жешки точки на Локалните избори – во македонскиот и албанскиот политички кампус;<br>- Дали Локалните избори може да изнудат предвремени парламентарни избори? | |
| **16.09.** | Златко Перински, министер за локална самоуправа | - Локалните проекти финансирани од парите од унгарскиот кредит;<br>- Системско решение за проблемите со депониите;<br>- Поддршка на општините за справување со аерозагадувањето;<br>- Локалните избори, кандидатот за градоначалник на Град Скопје од ВМРО ДПМНЕ;<br>- Резултатот од изборите и понатамошното функционирање на владините партнери. | **Студио 10** |
| **16.09.** | Драгана Велковска, независна советничка во Советот на Град Скопје од невладината Зелен хуман град | - Ситуацијата со загадувањето во Скопје;<br>- Активности/игри на Советот за справување со аерозагадувањето;<br>- Учество на Локалните избори;<br>- Изборната програма на Зелен хуман град; | **Студио 10** |
| **16.09.** | Борис Кондарко, претседател на ДИК | - Непочитувањето на Препораките на ОБСЕ и ОДИХР;<br>- Подготвеноста на ДИК за успешно спроведување на изборите и спречување злоупотреби;<br>- Став на ДИК за изјавите на премиерот Христијан Мицкоски за поставување владини повереници во случај на неуспешни избори. | **Аргумент плус** |
| **18.09.** | Благојче Атанасовски, политички аналитичар | - Политичките наративи на власта и опозицијата околу пожарите во Скопје;<br>- Одговорноста на власта за пожарите, трагедијата во Кочани, убиството во Велес;<br>- Предизборните анкети за рејтингот на партиите;<br>- Анализа на кандидатите, партиите/коалициите во повеќе општини;<br>- Политичката битка меѓу коалициите од албанскиот блок во повеќе општини;<br>- Анализа на можни изборни резултати на двете најголеми партии од македонскиот политички блок;<br>- Евроинтегративниот процес и надмудрувањата меѓу власта и опозицијата. | **Студио 10** |
| **26.09.** | Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација | - Заканите од хибридни напади, реалност или дефокус на јавноста;<br>- Дигитализацијата, дигиталната писменост и потребата од обемна администрација;<br>- Чувањето податоци на институции во случај на кибер напади;<br>- Поддршка на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за избор на градоначалник на Општина Кичево;<br>- Големиот број кандидати за градоначалници во одредени општини – проблем за ВМРО ДПМНЕ поради дисперзија на гласови; | **Трилинг** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Апсолутна власт, предност или хендикеп;<br>- Локалните избори, вовед во парламентарни избори; | |
| **26.09.** | Владимир Божиновски, политиколог и професор на Правниот факултет | - Практикувањето на власта на ВМРО ДПМНЕ, товар или предност за Локалните избори;<br>- Распоредот на силите по изборите на локално ниво, податоци од анкетите;<br>- Големиот број на кандидати за градоначалник на Скопје и можноста од дисперзија на гласови;<br>- Темите што доминираат во предизборието, Локални или национални;<br>- Политичките битки во албанскиот политички блок во неколку општини;<br>- Можноста за предвремени парламентарни избори. | **Трилинг** |

***Дебати на изборни теми***

(премиерно емитувани)

Во анализираниот период, премиерно беа емитувани вкупно 4 дебатни емисии на изборни теми, од кои две беа целосно посветени на изборите, а во другите две, покрај за дневнополитички теми, се разговараше и за изборниот процес. Медиумот имаше еднаков третман кон сите соговорници-гости во дебатните соочувања.

***Табела 15: Дебатни емисии на ТВ 24 Вести***

| **ТВ Телма** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **22.09.** | 1. Љупчо Пренцов, пратеник од ВМРО ДПМНЕ;<br>2. Фатмир Битиќи, пратеник од СДСМ;<br>3. Љупчо Балковски, ВМРО НП. | - Локални избори, акцент на предизборието во Скопје и скопските општини;<br>- Рејтингот на партиите, одзивот на гласачите;<br>- Локалните избори показател за евентуални парламентарни избори;<br>- Предвремено започната кампања со национални и етнички прашања, без локални теми;<br>- Парите од унгарскиот кредит како предизборен поткуп за општините. | **24 Анализа** |
| **23.09.** | 1. Ристо Никовски, политички аналитичар;<br>2. Флориан Несими, политички аналитичар;<br>3. Филип Петровски, универзитетски професор. | - Позицијата на Македонија околу признавањето на Палестина;<br>- Предизборно најавената Резолуција на СДСМ со црвени линии за односите со Бугарија;<br>- Предвремено започната изборна кампања, доминација на национални наместо локални теми;<br>- Опасност од водење црна изборна кампања;<br>- Локалните избори влез за предвремени парламентарни избори;<br>- Гласачкото ливче обременето со кандидати за градоначалници и листи за советници. | **24 Анализа** |
| **24.09** | 1. Петар Арсовски, политички аналитичар/комуниколог;<br>2. Сефер Селими, политички аналитичар/политиколог; | - Анализа на резултатите од испитувањето на јавното мислење за Локалните избори, спроведено од Институтот за политички истражувања (ИПИС), за потребите на Јавниот радиодифузен сервис; | **24 Анализа** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3. Владимир Божиновски, политиколог и директор на ИПИС. | | |
| **25.09.** | 1. Марија Митева, портпароклка на Владата;<br>2. Славјанка Петровска, пратеничка на СДСМ. | - Резолуцијата на СДСМ со црвени линии за односите со Бугарија и нејзиниот тајминг на носење, предизборно;<br>- Заговорите за влада на широка коалиција за решавање на уставните измени;<br>- Реториката на ДУИ за можни поделби без евроинтегративниот план;<br>- Локалните избори, можноста за предвремени парламентарни избори;<br>- Предизборен рејтинг на партиите;<br>- Преговори за можни партиски поддршки во одредени општини;<br>- Хибридните закани, прислушувањето во АНБ. | **24 Анализа** |

Дополнително, премиерно беше емитувана уште една дебатна емисија неповрзана со изборите, но во која гостуваа следниве политичари: Фани Каранфиловска-Пановска, заменик-претседателка на СДСМ и Антонио Милошоски, пратеник на ВМРО ДПМНЕ („24 Анализа“).

## ***<u>Други информативни емисии</u>***

Изборите беа тема на разговор и во контактно-информативните емисии „Во тек“ и „Очи в очи“, реализирани исклучиво со јавувања на гледачи. Во анализираниот период, во 14 изданија на емисијата „Во тек“, една од понудените две теми за дискусија со гледачите беше поврзана со изборниот процес, а во седум изданија на емисијата „Очи в очи“, тема беа Локалните избори.

## КАБЕЛСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 21-М

### 1. Дневно-информативни емисии:

***Примерок за анализата***:

Вести од 18:30 часот.

***Број на анализирани изданија и вкупно времетраење***:

Од 10 август до 28 септември 2025 година, беа анализирани 45 изданија[4] на централните Вести на албански јазик од 18:30 часот, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 14 часа 19 минути и 49 секунди.

***Главни теми и начин на известување***:

Главните жанрови преку кои ТВ 21-М известуваше во дневноинформативното издание од 18:30 часот беа вест, вест во низа и извештај. Преку нив, информираше за институционалната подготовка за Локалните избори, особено за неизвесноста кај независните кандидат(к)и по одлуката за укинување на Правилникот за собирање потписи и усвојувањето на новиот Правилник за поддршка на кандидатски листи поднесени од група избирачи, за незадоволството на независните кандидат(к)и, како и за реакциите и од власта и од опозицијата во овој контекст. Беше проследен и почетниот ангажман на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР.

Поголем медиумски простор во вестите добија владејачката Коалиција ВРЕДИ и опозициската ДУИ (двете по околу 47 минути), особено преку прилози за партиските полемики и ривалството меѓу главните претенденти за градоначалник на Општина Чаир – вицепремиерот Изет Меџити и поранешниот министер Бујар Османи. Беа проследени и меѓусебните обвинувања помеѓу ВМРО ДПМНЕ (околу 34 минути) и СДСМ (околу 49 минути), а дел од реакциите беа насочени кон Владата. ТВ 21-М редовно ги пренесуваше и ставовите и демантите на партиите и институциите.

Статистички, медиумот најмногу известуваше за економски, политички и социјални случувања. Меѓу покриените теми беа: зголемената инфлација и причините за растот на цените; владината мерка за намалување на чинењето на „училишната кошничка“; контролата на банките преку „тајни купувачи“; рангирањето на државата на 6-то место во светот според привлечноста за странски инвестиции; воведување нова дигитална платформа за поврзување на Службен весник и МВР; како и активностите на Министерството за образование и наука пред почетокот на учебната година.

Редакцијата известуваше и за собраниските дебати околу дилемата дали ќе се избира нов претседател на ДКСК; за полемиките поврзани со скандалот со проневери во програмата „Еразмус плус“; судирите помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ околу работата на Агенцијата за национална безбедност; неуспешните преговори помеѓу ДПА и ДУИ за коалицирање за Локалните избори; одбележувањето на Денот на Армијата; свеченостите по повод Денот на независноста на државата; како и за редовните активности на Владата (присутна во повеќе од 3 часа од вестите). Покрај тоа, ТВ 21-М известуваше и за активните пожари низ земјата, преку репортерски прилози од опожарените подрачја, со изјави на очевидци и на локалното население, како и преку прес-конференциите на Центарот за управување со кризи (ЦУК),

[4] Во анализата не се вклучени пет дена поради недостиг од снимки – три дена во август (12, 13 и 14 август) и два дена во септември (15 и 16 септември).

на што во значаен дел се должи времето од повеќе од 1 час за органите на државната управа. Медиумот ги проследи и полемиките меѓу власта и опозицијата за мерките за справување со пожарите.

Повеќе од 3 часа од прилозите беа посветени на изјави и активности за субјекти кои методолошки се категоризираат како „други субјекти" какви што се: гувернерот на Народната банка, Стоматолошката комора, сточарите, Регулаторната комисија за енергетика, Струшките вечери на поезијата, адвокати, маратонот „Кичево трча" во Кочани, студенти, АД „Пошти" итн.

При известувањето беше почитувано начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења со што на публиката и се дава можност слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања согласно член 47-а став 1 алинеја 9 од ЗААВМУ.

***Табела 16: Застапеност на субјектите во вестите на ТВ 21 - М***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:34:15 | 3,98 | % |
| СДСМ | 00:49:36 | 5,77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:47:19 | 5,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:06 | 0,48 | % |
| ДИК | 00:21:10 | 2,46 | % |
| Влада | 03:13:23 | 22,49 | % |
| Собрание | 00:19:19 | 2,25 | % |
| Претседател | 00:09:18 | 1,08 | % |
| Други субјекти | 03:05:22 | 21,56 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 01:05:23 | 7,60 | % |
| Јавно обвинителство | 00:15:14 | 1,77 | % |
| Судство | 00:11:13 | 1,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:23:28 | 2,73 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:39 | 0,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:29:25 | 3,42 | % |
| Левица | 00:00:33 | 0,06 | % |
| АРМ | 00:00:58 | 0,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:38 | 0,66 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:02 | 0,12 | % |
| Независни кандидати | 00:08:39 | 1,01 | % |
| Алтернатива | 00:02:39 | 0,31 | % |
| Граѓани | 00:24:59 | 2,91 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:16:40 | 1,94 | % |
| Здравство | 00:09:56 | 1,15 | % |
| Алијанса за Албанците (А.Таравари) | 00:02:52 | 0,33 | % |
| Алијанса за Албанците (З.Села) | 00:01:43 | 0,20 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:47:36 | 5,54 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:30 | 0,06 | % |
| Коалиција Европски фронт/ НАИ | 00:17:42 | 2,06 | % |
| Локална самоуправа (БЕСА) | 00:07:12 | 0,84 | % |
| | **Вкупно = 14:19:49** | **100** | **%** |

## 2. Посебни информативни емисии:

***Интервјуа на изборни теми***

(премиерно емитувани)

ТВ 21-М емитуваше пет интервјуа посветени на изборни теми, со претставници на различни политички субјекти, реализирани во три емисии (Дебат 21, Ајде да разговараме и Клик Плус).

***Табела 17: Интервјуа на ТВ 21 - М***

| ТВ21 – М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во интервјуата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **15.09** | Арбен Фетаи, вицепремиер за добро владеење од редовите на Алијанса за Албанците | - Зошто КОАЛИЦИЈАТА ВРЕДИ и НАИ отворија изборни штабови пред кампањата?<br>- Дали прерано започнатата кампања ги заморува граѓаните кои очекуваат конкретни проекти?<br>- Дали Општина Чаир, ќе ја одреди иднината на КОАЛИЦИЈАТА ВРЕДИ и НАИ?<br>- Како ги коментирате обвинувањата кон Бујар Османи и фактот дека Чаир со години ја води ДУИ?<br>- Очекувањата на КОАЛИЦИЈАТА ВРЕДИ за Локалните избори. | **Дебат 21** |
| **17.09** | Арбер Адеми, потпретседател на ДУИ | - Ребрендирањето на Европскиот фронт во НАИ;<br>- Како стана Арбен Таравари дел од НАИ?<br>- Очекувањата за Бујар Османи да победи во Чаир?<br>- Дали сметате дека изјавите на Изет Меџити дека ќе инвестира во Чаир ќе влијаат врз гласачите? | **Ајде да разговараме** |
| **22.09** | Мендух Тачи, претседател на ДПА | - Откажувањето од учеството на Локалните избори;<br>- Кој не го одржа зборот во Европскиот фронт?<br>- Односите со Али Ахмети?<br>- Дали има можни преговори со ВМРО ДПМНЕ? | **Дебат 21** |
| **24.09** | Зеќирија Ибрахими, претседател на Алтернатива | - Според најавата на Меџити, ако стане градоначалник на Чаир, функцијата ќе ја предаде на Беким Сали. Колку е реална оваа поделба според гласовите што ги добива Алтернатива?<br>- Опозицијата ги нарекува овие избори „референдум“. Дали навистина станува збор за референдум или за редовни Локални избори?<br>- Како ќе го мерите изборниот резултат – според освоените општини или според гласовите за советничките листи? | **Ајде да разговараме** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **25.09** | Александар Николоски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ | - Во јавноста постои впечаток дека со доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ се забавува евроинтегративниот процес – дали се согласувате?<br>- Како ја толкувате изјавата на Али Ахмети од Тетово, со која индиректно го предупреди премиерот Мицкоски за евентуално скршнување од европскиот пат - дали тоа може да предизвика поделби во Македонија – едни кон Бугарија, други кон Албанија?<br>- Мендух Тачи изјави дека ДУИ била подготвена да влезе во Владата дури и без Претседател на Парламентот. Дали е точно дека ДУИ прифаќала учество со уште помалку позиции од сегашните на Коалицијата ВРЕДИ? | **Клик Плус** |

***<u>Дебати на изборни теми</u>***

(премиерно емитувани)

Во предизборието, во една дебата емитувана на ТВ 21-М се дебатираше за изборите.

***<u>Табела 18: Дебатни емисии на ТВ 21 - М</u>***

| **ТВ 21- М** | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **18.09.** | Илија Димовски, аналитичар, претставник на ВМРО ДПМНЕ<br>Имер Селмани и Ненад Марковиќ, аналитичари | - Очекувањата за изборниот процес;<br>- Темите што се отвораат пред избори и досегашната кампања, колку тоа може да влијае врз резултатот на изборите? | **Клик Плус** |